РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 03-1524/3
21.12.2023 год
ПЕХЧЕВО

**О П Ш Т И Н А  П Е Х Ч Е В О**

---

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ на БУЏЕТОТ на општина ПЕХЧЕВО за 2024 година

## ЗАКОНСКИ ОСНОВИ

Буџетот на општина Пехчево претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности согласно член 2, точка 8 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21, 203/22 и 59/23).

При подготовка на буџетот за 2024 година се почитувани начелата на економичност и рационалност во трошењето на буџетските средства, отчетност и транспарентност, како и дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци, без да се наруши нормалното функционирање на општината и нејзините единки корисници.

**Можност за планирање на повисок износ на Буџетот за 2024 година се дава и** со планирање на приходи и расходи за превземени обврски по проекти и завршени јавни набавки во 2023 година, кои ќе се плаќаат во 2024 година **од средства кои се обезбедени во 2023 година и ќе се пренесат како вишок на приходи остварен на 31.12.2023 година.**

Буџетот на општина Пехчево за 2024 година содржи општ и посебен дел. И оваа година е изоставен развојниот дел од Буџетот, со можност за негово вметнување во Буџетот подоцна, со првите измени и дополнувања на Буџетот за 2024година.

- *Општиот дел* ги содржи вкупните приходи и другите приливи и вкупните расходи и другите одливи на буџетот за фискалната година. Општиот дел содржи:
  - консолидиран биланс на приходи и расходи;
  - функционална класификација на расходите;
  - биланс на тековно - оперативни приходи и расходи;
  - биланс на капитални приходи и расходи.

Планираните приходи и расходи се прикажуваат со цел утврдување на дефицитот како нивна разлика и утврдување на приливи за негово финансирање и финансирање на одливите (отплатите). Врз основа на договорите за заем во Општиот дел на буџетот за 2024 година се прикажани средствата со кои ќе се врши финансирање

на повисоки расходи, односно дефицитот кој што се планира.

Дефицитот претставува негативна разлика меѓу планираните приходи и расходи и тој се финансира од приливи кои истовремено можат да служат и за отплата на главнина.

Збирот на вкупните приливи и приходи мора да биде еднаков на вкупните расходи и одливи со што се воспоставува буџетската рамнотежа.

При подготвување на Предлог Буџетот на општината, кога не се планира прилив по основ на задолжување, расходите се планираат на ниво на планираните приходи и општината не прикажува дефицит, а доколку доспева за отплата рата од земен заем се планира одлив во висина колку изнесува отплатата на главнина од редовните приходи, при што во тој случај општината прикажува суфицит.

За 2024 година Буџетот на општина Пехчево изнесува 130.174.669 денари, со планирани вкупни приходи на износ од 130.174.669 денари и вкупни расходи на износ од 128.874.669 денари.

Согласно Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.209/18) се воведе дефиниција на категоријата сопствени приходи и ограничување при нивното планирање.

За 2024 година сопствените приходи на општина Пехчево, содржани во Буџетот на општината, изнесуваат 20.163.545 денари.

- *Посебниот дел* содржи план на одобрените средства по програми, потпрограми и ставки за фискалната 2024 година. Во посебниот дел на буџетот се прикажани расходите според класификацијата на расходите што ја пропишува министерот за финансии, групирани според програми.

- *Развојниот дел* ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти.

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ - ПРИХОДИ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Планирани извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Пехчево во Буџетот за 2024 година се од:

1. ***Даночни приходи***
2. ***Неданочни приходи***
3. ***Капитални приходи***
4. ***Трансфери и донации***
5. ***Домашно задолжување***

Приходите на Буџетот на општината за 2024 година се планирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од изворните приходи и дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија и со Буџетот за 2024 година се планираат

износи кои се дадени во табелата:

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 11960000 | 7,4 |
| Неданочни приходи | 9661000 | 9,2 |
| Капитални приходи | **4931545** | 3,8 |
| Трансфери и донации | **102910152** | 79,6 |
| Вкупно : | 130.174.669 | 100,00 % |

Од табеларниот приказ се заклучува дека најголемо учество во вкупните приходи со 79,60% имаат приходите остварени од трансфери и донации, 9,2 % отпаѓаат на даночните приходи, 7,40 % отпаѓаат на неданочните приходи додека останатите 3,8 % отпаѓаат на капитални приходи .Со анализата на даночните приходи се отценува способноста на општината да ги собере сопствените приходи, особено даноците на имот и комунални такси, кои претставуваат фискален капацитет на општината и идните активности на општинската администрација треба да бидат насочени кон зголемување на приходите остварени од данокот на имот и комунални такси.

**Даночни приходи**

Даночните приходи во 2024 година се планираат во износ од 11.960.000 денари, при што нивниот распоред по видот на даночниот приход е даден во табеларниот приказ:

| | | |
|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 1.500.000 |
| 713 | Даноци на имот | 2.300.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 6.960.000 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 1.200.000 |
| | **Вкупно:** | 11.960.000 |

Кај структурата на даночните приходи може да се забележи дека најголемо учество ќе имаат приходите остварени од данокот на специфични услуги со процент од 58.20 %, додека данокот од имот ќе учествува со 19.23 %, данокот на доход од добивка и од капитални добивки ќе учествува со 12.54 % во вкупните даночни приходи и такси за користење или дозволи за вршење на дејност со 10.03 %.

Ако посебно се анализираат само даноците од имот, се согледува нивната структура и учество во вкупниот износ на овој вид данок:

| | | |
|---|---|---|
| 7131 | Данок на имот | 1.300.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 7132 | Данок на наследство и подарок | 200.000 |
| 7133 | Данок на промет на недвижности | 800.000 |
| | **Вкупно:** | 2.300.000 |

## Неданочни приходи

Структурата на неданочните приходи за 2024 година во вкупниот Буџет на општина Пехчево е претставена во следната табела и тие се составени од приходи од други владини услуги, такси и надоместоци и други неданочни приходи.

| | | |
|---|---|---|
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 200.000 |
| 723 | Такси и надоместоци | 8.461.000 |
| 724 | Други владини услуги | 50.000 |
| 725 | Други неданочни приходи | 950.000 |
| | **Вкупно:** | 9.661.000 |

Кај неданочните приходи најголемо учество имаат таксите и надоместоците по нив следат други неданочни приходи со,  глоби, судски и административни такси со и други владини услуги (приходи од тендери) .

## Капитални приходи

| | | |
|---|---|---|
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 4.931.545 |
| | **Вкупно:** | 4.931.545 |

## Трансфери и донации

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донациите од странство во вкупниот Буџет на Општината за 2024 година се застапени со следните износи:

| | | |
|---|---|---|
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 102.910.152 |
| 742 | Донации од странство | 711.972 |
| | **Вкупно:** | 103.622.124 |

Во делот на трансфери од други нивоа на власт доминираат дотациите од

Буџетот на Република Северна Македонија за остварување на надлежностите во основното образование, културата и социјалната и детската заштита во вкупен износ од 67.507.210денари.

Покрај наменските и блок дотациите во овие приходи во основниот буџет на општината спаѓаат и средствата добиени од Фондот за патишта - ЈП за државни патишта (2.087.644 денари и средствата од дотации од ДДВ (15.302.942 денари).

Во донации од странство планирани се средства за проектот на детската градинка "7-ми Септември" за инклузија на деца роми во износ од 100.000 денари , стратешки партнерски проект КА2 н 2021-2-ЛТ01-КА210-СЦХ-000049624 каде како корисник е детската градинка "7-ми Септември" во износ од 915.000 денари и средства планирани за купување на опрема за брзо откривање на пожари на износ од 611.972денари .

## ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Вкупните планирани расходи на Општина Пехчево за 2024 година изнесуваат 130.174.669 денари и со тоа се запазува буџетското правило на балансирани приходи и расходи. Истите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација.

| | | |
|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 64.698.083 |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 90.000 |
| 42 | Стоки и услуги | 31.599.710 |
| 45 | Каматни плаќања | 200.000 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 1.812.000 |
| 47 | Социјални бенефиции | 300.000 |
| 48 | Капитални расходи | 30.174.876 |
| 49 | Отплата на главница | 1.300.000 |
| | **Вкупно:** | 130.174.669 |

Од табеларниот приказ може да се констатира дека со планираните расходи на општина Пехчево се утврдува значајна развојна компонента на јавните услуги, кои се надлежност на општината. Учеството на капиталните расходи е со 23,18%, со што ќе се иницира изградбата на нова инфраструктура и ќе се подобрат јавните услуги.

Во делот на расходите за стоки и услуги на кои отпаѓаат 24,27 %, покрај обезбедувањето на редовното функционирање на општината се содржани и расходите за финансирање на комуналните услуги и тековното одржување на основното училиште, библиотеката, културниот дом и детската градинка.

Платите и надоместоците на вработените во општинската администрација и локалните јавни установи учествуваат со 49.70 %. Субвенциите и трансферите во Буџетот ќе учествуваат со 1.39 %. Социјалните бенефиции ќе учествуваат со 0,23 % и

мало учество заземаат и резервите и недефинираните расходи каматните плаќања со и отплатата на главница

## ТЕКОВНО - ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно - оперативните и капиталните расходи.

Во рамките на тековно - оперативните расходи доминираат расходите за плати и надоместоци со 49,7 % и стоки и услуги со 24,27 %, со што се обезбедува редовната основна функција на општината и локалните јавни установи.

| | | |
|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 64.698.083 |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 90.000 |
| 42 | Стоки и услуги | 31.599.710 |
| 45 | Каматни плаќања | 200.000 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 1.812.000 |
| 47 | Социјални бенефиции | 300.000 |
| 48 | Капитални расходи | 30.174.876 |
| 49 | Отплата на главница | 1.300.000 |
| | **Вкупно:** | 130.174.669 |

### Плати, наемнини и надоместоци на вработените

Платите и надоместоците кои се неопходни за функционирање на Општина Пехчево и локалните јавни установи се планираат да опфатат околу 49,70 % од вкупно планираните расходи во 2024 година.

| | | |
|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 44.862.555 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 17.325.528 |
| 404 | Надоместоци | 2.510.000 |
| | **Вкупно:** | 64.698.083 |

## Резерви и недефинирани расходи

| | | |
|---|---|---|
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 30.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 60.000 |
| | **Вкупно:** | 90.000 |

Постојаната резерва се употребува за расходи настанати како последица на природни и други несреќи, како што се: суша, земјотрес, пожар, поплави и други природни односно еколошки несреќи, во согласност со законот, епидемија, животински заразни болести и растителни штетници.

Средствата од тековната резерва се користат за одредени итни потреби на општината, доколку не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.

Советот на општината со одлуката за извршување на буџетот на општината, ја определува употребата на средствата за претходно утврдените намени.

## Стоки и услуги

Поради превземањето на поголем број надлежности, планираниот дел на Буџетот на Општината во 2024 година, кој се однесува на стоки и услуги наменет за потребите на локалната самоуправа, основното училиште, библиотеката, културниот дом и градинката изнесува 29,81 % од вкупно планираните расходи.

| | | |
|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 241.500 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 7.964.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 6.596.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 6.221.000 |
| 425 | Договорни услуги | 4.883.110 |
| 426 | Други тековни расходи | 1.501.000 |
| 427 | Привремени вработувања | 4.193.000 |
| | **Вкупно:** | 31.599.710 |

## Каматни плаќања

Средствата за каматни плаќања опфаќаат од вкупните расходи во буџетот

| | | |
|---|---|---|
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 200.000 |
| | **Вкупно:** | 200.000 |

## Субвенции и трансфери

Средствата за субвенции и трансфери опфаќаат 1,39% од вкупните расходи во буџетот.

| | | |
|---|---|---|
| 463 | Трансфери до невладини организации | 340.000 |
| 464 | Разни трансфери | 1.472.000 |
| | **Вкупно:** | **1.812.000** |

## Социјални бенифиции

Социјалните надоместоци опфаќаат 0,23 % од вкупните расходи.

| | | |
|---|---|---|
| 471 | Социјални надоместоци | 300.000 |
| | **Вкупно:** | 300.000 |

## Отплата на главница

Отплатата на главница опфаќа 0,99 % од вкупните расходи.

| | | |
|---|---|---|
| 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | 1.300.000 |
| | **Вкупно:** | 1.300.000 |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти, изградба на улици и патишта, водовод, канализација во урбаниот дел на општината, како и во руралниот дел на општината. Во капиталните расходи се планирани и средства за купување на мебел и опрема. Овие расходи се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на инфраструктурата во општината. Учеството на капиталните расходи изнесува 23,18%

| | | |
|---|---|---|
| 480 | Купување на опрема и машини | 4.641.972 |
| 481 | Градежни објекти | 1.300.000 |
| 482 | Други градежни објекти | 23.772.904 |
| 483 | Купување на мебел | 300.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 160.000 |
| | **Вкупно:** | 30.174.876 |

**Образложение на програмите и потпрограмите**

**А0 Совет на општина**

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со работата на советниците во Советот на општината и тоа за :

1. Надоместоци за советниците,
2. Дневници и патни трошоци,
3. Други трошоци директно поврзани со работата на советниците (телефонски сметки, материјални трошоци др.),
4. Други трошоци кои се директно поврзани со работата и надлежностите на Советот ( награди кои ги доделува Советот на општината и постојна резерва која ја одредува Советот).

Работата на Советот на Општина Пехчево се финансира во износ од 1.383.000 денари.

**Д0 Градоначалник**

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи кои се потребни за работа на градоначалникот на општината и тоа:

1. Плати и надоместоци за градоначалникот,
2. Дневници и патни трошоци за градоначалникот,
3. Други трошоци директно поврзани со работата на градоначалникот (телефонски сметки, материјални трошоци др.),
4. Други трошоци кои се директно поврзани со работата на градоначалникот (награди кои ги доделува градоначалникот и тековна резерва која ја одредува Советот).

Работата на Градоначалникот на Општина Пехчево се финансира во износ од 7.841.000 денари.

**Е0 Општинска администрација**

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи кои се потребни за работа на општинската администрација и тоа:

1. Плати и надоместоци за вработените во општинската администрација, освен за градоначалникот.
2. Тековно - оперативните трошоци потребни за работењето на општината, вклучувајќи го и работењето на советот и градоначалникот (канцелариски материјал, телефонски сметки и интернет, потрошена електрична енергија, вода, тековно – оперативни трошоци поврзани со одржување на возила и објекти други трошоци) .

Средствата кои се планираат за работата на општинската администрација се во износ од 10.912.487 денари.

**ЕА Капитални расходи на општината**

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за следниве намени:

1. Набавка на опрема за потребите на општинската администрација, Советот на општината и градоначалникот;
2. Набавка на возила за потребите на општинската администрација, Советот на општината и градоначалникот; и
3. Изградба на деловни објекти за потребите на општинската администрација, Советот на општината и градоначалникот.

Средства кои се планираат за финансирање на капиталните расходи на општината се во износ од 545.000 денари.

**Ф1 Урбанистичко планирање**

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи за урбанистичко планирање кои се однесуваат на подготовка и донесување на годишна програма за изработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место.
Програмата е планирано да се реализира со средства од 1.000.000 денари.

## ФА Капитални расходи за уредување на градежно земјиште

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои произлегуваат од уредување на градежно земјиште и тоа:

1. Изведување на градежни и работни зафати со цел обезбедување на пристап до јавен пат и поставување на инсталација (водоводна, канализационо – фекална и атмосферска, електрична, телекомуникациона и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела),
2. Набавка на материјали потребни за изведување на инфраструктурни објекти како што се патишта и материјали за изведба на водоводна, канализационо – фекална и атмосферска, електрична, телекомуникациона и друга инсталација.

Програмата е планирано да се реализира со средства од 100.000 денари.

## Г1 Поддршка на локалниот економски развој

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи наменети за финансирање на активности со цел обезбедување на поддршка на локалниот економски развој и тоа:

1. Издавање на информативен материјал и публикации со кои се промовира економскиот потенцијал на општината,
2. Одржување на локални саеми,
3. Активности наменети за зголемување на вработеноста преку соодветни тренинг програми,
4. Активности поврзани со создавање и функционирање на локален пазар на труд на ниво на општината,
5. Активности поврзани со подобрување на економскиот потенцијал на фирмите кои работат на територијата на општината.

Програмата е планирано да се реализира со средства од 100.000 денари.

## Г2 Поттикнување на развојот на туризмот

Во оваа програма се планираат расходи наменети за финансирање на активности со цел поддршка на туризмот во општината, во износ од 150.000 денари.

## J0 Одржување на урбана опрема

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи наменети за одржување на постојната урбана опрема, во износ од 200.000 денари.

**Ј3 Јавно осветлување**

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување и функционирање на системите за јавно осветлување во општината, во износ од 4.200.000 денари.

**Ј6 Одржување и заштита на локални патишта, улици, мостови и регулирање на режим на сообраќај**

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со:

- Активности за редовно одржување на мостовите, коловозот и патот;
- Чистење на коловозот, уредување на банкини, заштита на косини, насипи, усеци изасеци, чистење и уредување на одводите на патот, сливници, поправка на потпорни и обложни ѕидови, тунели и други објекти на патот;
- Одржување на прегледност на патишта;
- Чистење на снег и мраз на коловозот, посипување на коловозот со сол или други абразивни средства и
- Чистење, замена и поправка на хоризонтална и вертикална сигнализација на патот, на огради и заштитна мрежа на патот и на друга опрема на патот.

Програмата е планирано да се реализира со средства од 2.100.000 денари.

**Ј7 Одржување и користење на паркови и зеленило**

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на постојните паркови и обновување на зеленилото во општината, во износ од 1.300.000 денари.

**Ј8 Други комунални услуги**

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи за дезинфекција, дезинсекција, дератизација, ерадикација, отстранување на хаварисани возила и други расходи, на вкупен износ од 340.000 денари.

**ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови**

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба и

реконструкција на локални патишта, улици и мостови, во вкупен износ од 21.630.000 денари.

**ЈФ Изградба на сообраќајна сигнализација**

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со поставување и заменување на сообраќајните знаци и заштитна опрема на локалните патишта и улици, односно подигање на вертикална и хоризонтална сигнализација, во износ од 400.000 денари.

**ЈГ Изградба на системи за водоснабдување**

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителниот систем на територијата на општината и набавка на потребната опрема, во износ од 500.000 денари.

**ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на канализациониот систем на територијата на општината и набавка на потребната опрема, во износ од 30.000 денари.

**ЈН Капитални расходи за урбана опрема**

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за набавка на нова урбана опрема како што се: клупи, часовници, корпи за отпадоци, чешми, табли со имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, во износ од 120.000 денари.

**К1 Библиотекарство**

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи наменети за финансирање на работењето на општинската библиотека, во вкупен износ од 1786.110 денари.

**К2 Музичко и сценско - уметничка дејност**

## ЉО Заштита и спасување

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со превземање на мерки и активности за заштита, спасување и отстранување на последици предизвикани од природни и елементарни непогоди и еколошки катастрофи, во износ од 611.972 денари.

## Р1 Заштита на животната средина и природа

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со преземање на мерки и активности поврзани со унапредување и заштита на животната средина и природа, со планирани средства на износ од 145.000 денари.

## РА Капитални расходи за заштита на животната средина и природа

Во оваа програма се планираат капитални расходи поврзани со унапредување и заштита на животната средина и природа, со планирани средства на износ од 10.000 денари.

## В1 Детски градинки

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на детските градинки и тоа: плати и надоместоци на вработените во градинките, набавка на канцелариски и друг материјали, трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги, електрична енергија, греење, вода, подигање на смет, тековни поправки и одржување на згради, канцелариска опрема и возила во сопственост на детските градинки и други расходи.
Средствата за реализација на оваа програма се во вкупен износ од 23.347.000 денари.(Дотации 16.459.000 денари,самофинансирачки активности 6.794.000 и донации 100.000 денари)

## ВА Капитални расходи за детски градинки

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за изградба, доградба и реконструкција на детски градинки, како и нивно опремување.
Висината на средствата испланирани во оваа програма изнесува 1.210.000 денари.

**ПРОЕКЦИИ НА БУЏЕТ 2025-2026 ГОДИНА**

Во Буџетот на општина Пехчево за 2024 година се содржани и проекциите на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години, (вклучувајќи го и планираниот дефицит/суфицит).

Фискалните проекции за наредниот среднорочен период се базираат врз основа на среднорочната економска политика на Републиката и на општината. Економската политика на Републиката е насочена кон остварување на макроекономска стабилност и одржување на стабилен и одржлив национален економски развој, со продолжување на остварување на стратешките определби за зголемување на економскиот раст, зголемување на вработеноста, подобрување на животниот стандард и квалитетот на животот на населението.

Така вкупниот буџет за 2025 **година** е проектиран на 132.778.162 **денари**, додека вкупниот планиран буџет за 2026 **година** е проектиран на 135.381.656 **денари**

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански

Изработил: Анетка Цветковска